# ИЗВЕШТАЈ

## од самоевалуација на ООУ „Дане Крапчев“-Скопје
## период  од 2022 до 2024 година



**Јуни, 2024 година**

# СОДРЖИНА


**Вовед ..... 1**

**1. Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето ..... 2**

**2. Методологија што е користена ..... 4**

**3. Обезбедување транспарентност на процесот ..... 4**

**4. Сумирање на наодите од самоевалуацијата за секое подрачје ..... 5**

**5. Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето ..... 22**

**Вовед**

Покрај интегралната евалуацијаи надворешни мерење квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација. Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето. Овој процес е вклучувањето на сите чинители во училиштето, преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, може да се искористат силните страни и да се одговори на предизвиците.

Во согласност со член 129 и член 130 од Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) на секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спрове  училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор.

Самоевалуацијата во ООУ„Дане Крапчев“-Скопје се спроведе во период април-јуни 2024 година. Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција. Самоевалуацијата на е спроведена за период од 2022 до 2024 година.  Резултатите од самоевалуацијата на ќе биде објавена на интернет страницата на училиштето и на општината.

Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на годишна програма за работа на училиштето и развојна програма.

## 1. Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето

Врз основа на Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Општинското основно училиште „ Дане Крапчев“-Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 12.04.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Биљана Стојановска - претседател- предметен наставник
2. Тања Метикош- член на комисија- одделенски наставник-ментор
3. Катерина Банџо- член на комисија- специјален едукатор и рехабилитатор
4. Биљана Јовчева-член на комисија-одделенски наставник
5. Наташа Николоска – член на комисија- родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Марина Пејковска- одговорно лице<br>2. Јовица Димески<br>3. Виолета Стоилевска<br>4. Даниела Салтирова<br>5. Лидија Ѓорѓевска<br>6. Анета Митевска<br>7. Катерина Димовска<br>8. Елена Томевска<br>9. Филип Петровски<br>10. Јорданчо Тодосиев<br>11. Билјана Трајановска<br>12. Марија Н. Наневска<br>13. Елизабета Георгиевска |
| 2. Постигања на учениците | 1. Вилдана Суљовиќ- одговорно лице<br>2. Елизабета Ордева<br>3. Габриела Ѓоршева<br>4. Томислав Спасовски<br>5. Лиле Сарвановска<br>6. Даниела Торковска<br>7. Весна Димовска<br>8. Весна Кочова<br>9. Александра Стојчевска<br>10. Гордана Павловска<br>11. Наташа Апостоловска<br>12. Марина Пазаркоска |

| | |
|---|---|
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Катерина Лукарова-одговорно лице<br>2. Стефани Тоневска<br>3. Весна Димитриевска<br>4. Биљана Стојановска<br>5. Фросина Јанакиевска<br>6. Бојана М. Личева<br>7. Маја Б. Величковска<br>8. Јулија Јанкуловска<br>9. Данче Костовска<br>10. Анета Менчова<br>11. Ванчо Јовчев<br>12. Душанка Китановска |
| 4. Управување и раководење | 1. Елена Малинова- одговорно лице<br>2. Розе Јаневска<br>3. Светлана Пешовска<br>4. Марија Шереметкоска<br>5. Андријана Недевска<br>6. Минела Фиуљанин<br>7. Христина Петровска<br>8. Катица Стојчевска<br>9. Биљана Јовчева<br>10. Емилија Блажевска<br>11. Ивица Петрушевски<br>12. Магдалена Павлеска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

## 2. Методологија што е користена

| Методи | Инструменти |
|---|---|
| **Анкетирање** | - Анкетни прашалници за родители;<br>- Анкетни прашалници за ученици;<br>- Анкетни прашалници за наставен кадар; |
| **Интервјуирање** | - Водич/протокол за интервју;<br>- Интервју за директор;<br>- Интревју за стручни соработници; |
| **Анализа на документација** | - Листи за проверка; |

## 3. Обезбедување транспарентност на процесот

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 19.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

## 4. Сумирање на наодите од самоевалуацијата за секое подрачје

| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>Наставата во одделенска настава и во предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем со 100% реализација. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар кој се евидентира во е-дневник. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во најголем дел од наставниците задачите и активностите што ги планираат и реализираат ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците така што планираат задачи и активности со различни нивоа на сложеност. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. Учениците се прифатени од страна на наставиците и имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) .На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите/стандардите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација, така што можат слободно |

да се изразат за време на часовите и да си го искажат своето мислење. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост „Иднина“ –Скопје,. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП.

Во училиштето има Сензорна соба која е во функција и во која работи обучено лице за сензорна интеграција – специјалниот едукатор и рехабилитатор. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост во приземниот дел на училиштето. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма за работа на учииштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ„25 Мај“-Скопје, кои наставата ја следат на различни наставни јазици.. Реализираните часови се објавуваат на fb и web страната на училиштето.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење и овозможува учество на сите ученици независно од нивните разлики. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

| |
|---|
| Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.Наставниците во процесите на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да го постигнат својот максимум.<br>Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и етички кодекс за оценување и процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.<br>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br>Коефициентот на континуитет на успех континуирано е повисок од 0.9<br>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што се во согласност со потребите и интересите на учениците. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност и во истите се вклучуваат по сопствен избор. Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици независно од полот, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Учениците предлагаат и се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности. Училиштето организира училишни натпревари. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |
| **Силни страни**<br>✓ Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.<br>✓ По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>✓ Од страна на стручната служба и директорот се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.<br>✓ Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручните соработници.<br>✓ Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. |

- ✓ Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.
- ✓ Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование во кои се содржани интересите на учениците.
- ✓ Наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава.
- ✓ Изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација.
- ✓ Расположливите ресурси (смарт таблите, проекторите, принтерите,стручна литература, наставни средства и помагала, изработени материјали од страна на наставниот кадар и учениците) се употребуваат на функционален начин.
- ✓ Функционална Сензорна соба за работа со ученици на кои им е потребна сензорна интеграција во која работи обучено лице – специјален едукатор и рехабилитатор .
- ✓ Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ„25 Мај“-Скопје кои наставата ја следат на различни наставни јазици.
- ✓ Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- ✓ Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- ✓ Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- ✓ Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата
- ✓ Часовите во училиштето се интересни и содржините што им се пренесуваат на учениците ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество.
- ✓ Во училиштето постои Процедура за идентификување и следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби.
- ✓ Во училиштето постои Процедура за идентификување на надарени и талентирани ученици и тим кој ја следи работата и напредокот на овие ученици.
- ✓ Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.
- ✓ Учениците заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина и сметаат дека училиштето поттикнува соработка меѓу нив, почитување на различностите.
- ✓ Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го

| |
|---|
| оценуваат напредокот на учениците.<br>✓ Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br>✓ Коефициентот на континуитет на успех континуирано е повисок од 0.9.<br>✓ Разновидни воннаставни активности кои одговараат на потребите и интересите не учениците.<br>✓ Мултикултурна соработка со други училишта.<br>✓ Организирање на натпревари во училиштето, како и давање на подршка на учениците за учество и освојување на награди на општински, регионални, државни и на меѓународни натпревари. |
| **Слаби страни**<br>✓ Наставниот кадар соработува помеѓу себе но сепак треба да се има поголема соработката и размената на искуствата помеѓу предметните и одделенските наставници во одредеи подрачја на делување. |
| **Приоритети**<br>✓ Потикнување на поголема соработка соработката и размената на искуствата помеѓу предметните и одделенските наставници во одредени подрачја на делување. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и националноста, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, се превземаат активности за подобрување на постигањата. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените деца, како и учениците со посебни образовни потреби  и континуирано го следи нивниот напредок. Според постигањата на учениците, наставникот на учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици им дава поддршка во редовната настава, додатната настава и дополнителната настава.<br>Програмата и акционен план на тимот за работа со надарени /талентирани ученици како дел од Годишната програма на училиштето вклучува цели за идентификација, подршка и  следење на талентираните/надарените ученици.<br>Програмата за работа на училишниот инклузивен тим како дел од Годишната програма за работа на училиштето, вклучува цели за идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП. Преку овој акционен план се спроведуваат активности за реализација  на планираните цели.(идентификација на учениците со ПОП, креирање политика за работа со учениците со ПОП, формирање инклузивен тим за секој ученик со ПОП кој работи по ИОП, запознавање на предметните наставници со учениците со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава, изготвување на ИОП/Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби, континуирана подршка и соодветен одговор на потребите на учениците со пдобрување на нивната социо-емоционална состојба, подобрување на инклузивната практика). За секој ученик со посебни потреби кој не може да ги постигне целите согласно наставниот план и програма за одреден предмет, се изготвува долгорочен , среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план. Родителот е рамноправен член во изготвувањето на ИОП –от за своето дете. Секој ученик со ПОП има досие преку кое се следи неговиот напредок**.**<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.  Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците и презема конкретни активности за подобрување на истата.<br>Училиштето остварува соработка со родителите/старателите, институциите, локалната самоуправа и со граѓанските организации се со цел да ја зголеми редовноста на учениците во наставата преку преземање на конкретните активности. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.<br>Советувањето на родителите и учениците како редовна активност на психологот на училиштето се одвива |

| |
|---|
| според упатството и утврдените критериуми на МОН и според предвидениот месечен и неделен план за советување на психологот. Тој ги известува надлежните институции и врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. Наставниците користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Постојано избираат активности соодветни на нивните можности и потреби, за учениците кои имаат тешкотии во учењето, за надарените ученици и за учениците со посебни потреби во развојот. Во текот на целата учебна година, наставниците реализираат дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и индивидуализирана настава. Училиштето, на месечно ниво изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето и на web страната на училиштето. Дополнителна настава посетуваат учениците од II-IX одделение. Присутните ученици се евидентираат во електронски дневник и во обрасците за педагошка евиденција и истите се проверуваат два пати годишно.<br>Училиштето го следи и анализира напредокот на учениците кои посетуваат дополнителна настава и на учениците кои работат по диференцирана програма и констатира подобрување на постигањата на овие ученици. |
| **Силни страни**<br><br>✓ Училиштето секој квартал врши анализа на успехот и поведението на учениците од различен пол, етничка припадност, одделенија, паралелки, по предмети, изработува акциски план со активности за подобрување на постигањата и ги разгледува истите.<br>✓ Училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.<br>✓ Училиштето организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.<br>✓ Во училиштето се спроведува државно екстерно тестирање за учениците од IV и V одделение по математика, македонски јазик и природни науки .<br>✓ Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето, надарените деца, како и учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.<br>✓ Наставниците им обезбедуваат подршка на учениците со потешкотии во учењето во редовната, додатната и дополнителната настава.<br>✓ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>✓ Училиштето системски ја следи редовноста на учениците. |

| |
|---|
| ✓ Училиштето презема конкретни активности за подобрување на редовноста<br>✓ Училиштето остварува соработка со родителите/старателите, институциите, локалната самоуправа и со граѓанските организации се со цел да ја зголеми редовноста на учениците во наставата преку преземање на конкретни активности.<br>✓ Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните<br>✓ институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>✓ Наставниците користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.<br>✓ Училиштето го следи и анализира напредокот на учениците кои посетуваат дополнителна настава и на учениците кои работат по диференцирана програма и констатира подобрување на постигањата на овие ученици. |
| **Слаби страни**<br>✓ Училиштето има развиено систем и интерни акти за идентификување на надарени ученици но сепак треба да се усовршат инструментите за идентификација во согласност со дадени критериуми од страна на соодветни стручни лица и соодветна институција (БРО, МОН). |
| **Приоритети**:<br>✓ Зголемена соработка со соодветни стручни лица, институции и креирање постапки и верификувани инструменти за идентификување на надарени и талентирани ученици. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училишната клима ја креираат сите чинители на образовниот процес во училиштето, а односите во училиштето имаат директно влијание дали училишната клима ќе биде позитивна и насочена кон постојан напредок или ќе биде негативна без да се постигне било каков напредок. Како резултат на квалитетната работа се постигнуваат исклучителни резултати во сите области, а училиштето има неспорно добар имиџ. Училиштето ги обезбедува сите потребни услови за беспрекорно одвивање на воспитно-образовниот процес и со активностите и проектите што ги реализира се истакнува од сите други училишта во општината па и пошироко. Училиштето е место каде што сите активни субјекти во воспитно-образовниот процес односно родителит, наставниот кадар и учениците сметаат дека е безбедно место со пријатна атмосфера за работа и престој.

За да се обезбеди соодветно однесување во училиштето постојат кодекси за однесување каде што јасно се дефинирани правилата што треба да се почитуваат. При изработката, изменувањето како и дополнувањето на кодексите на однесување учествуваат со совои предлози и сугестии родителите преку родителски средби совет на родители, училишен одбор, наставниците како и учениците преку ученичката заедница,ученички парламент. Ако има прекршување на правилата на однесување изработени се правилници со кои се укажува на прекршоците и се обезбедува елиминарија на тие појави.

Во училиштето постои зеамно почитување помеѓу сите што се дел од него. Сите без исклучок имаат рамноправен третман, професионализамот и соработката се на високо ниво. Учениците се мотивирани да постигнуваат добри резултати и да се стремат да бидат уште подобри.

За соодветно поведение и дисциплина во училиштето се применува правилник и критериуми за педагошки мерки. Има тим за поддршка кој работи на надминување на проблемите во однос на дисциплината и поведението особено на учениците. Не постои воопшто толеранција на насилство во училиштето и учениците се насочуваат да ги решаваат проблемите на мирен начин.

Членовите на ученичкиот парламент им посочуваат на учениците во кои области од воспитно-образовниот процес може да делуваат и на тој начин да учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето. Со многубројните дебати и работилници што ги реализира Ученичкиот парламент тие го кажуваат своето мислење во донос на постоечките проблеми и даваат предлози за нивно решавање.

Во училиштето се почитуваат правата на децата од страна на сите вработени, а учениците, родителите и старателите се запознаени со правата на децата. Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител ги промовираат и застапуваат правата и интересите на учениците, информирајќи ги сите ученици како да ги практикуваат своите права и да препознаат ситуации

на прекршување на истите.

Сите ученици во училиштето се третираат еднакво и правично. За да се овозможи тоа постојат пишани документи како правилници, процедури, кодекси. Учениците можат да препознаат ситуации на дискриминација, предрасуди и стереотипи, можат да се справат со такви ситуации и да покажат толеранција и соодветна комуникација. Исто така во училиштето се негува духот на мултикултурализам и меѓуетничка соработка и толеранција.

Родителите/старателите имаа пристап до сите информации за работата на училиштето. Комуникацијата со родителите/старателите се одвива доста успешно преку повеќе различни методи за комуникација и со тоа тие се активно вклучени во целокупното функционирање на училиштето и го даваат својот придонес за подобрување на воспитно-образовниот процес и условите за работа во него. Родителите/ старателите постојано добиваат поддршка т.е. совети и консултации од страна на стручните соработници доколку има потреба од тоа.

Како дел од општината и урбаната заедница училиштето спроведува заеднички проекти и активности а исто така и организира и учествува во настани што се од заеднички интерес. На тој начин се развива тимскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците, се подобруваат нивните вештини и нивната мотивација за активно учество во училишните и вонучилишните активности.

Со цел да се намали насилното однесување во училиштето од секаков тип, а и целосно да се елиминира училиштето превзема повеќе активности. Во борбата против насилството се вклучени сите страни како и најразлични институции. Многубројните спроведени едукативни работилници значително придонесуваат за превенција на насилството и изнаоѓањето начини за ненасилно решавање на конфликти.

Преку предавања и презентации учениците се запознаваат со штетните влијанија од конзумацијата на цигари, алкохол и дрога. На тој начин се подига свеста на учениците дека не треба да посегаат по ваквите супстанции кои се штетни по нивното здравје, а исто така дека тие треба да влијаат кај другите со цел да се спречи нивното користење.

За квалитетот на храната и за да се поттикнат да се конзумира здрава храна, учениците се информираат во рамките на редовната настава по различни предмети како и преку кампањи, работилници и активности за здрава храна. Исхраната пак што се нуди во самото училиште е со највисок квалитет и стандарди.

Хигиената во училишната зграда и училишниот двор се одржува на дневно ниво со дезинфекција на училниците и училишниот инвентар, два пативо текот на годината се спровдува целосна деззинфекција, дратизација и дезинсекција на училишната зграда. Со цел заштита од болести и учениците и вработените подлежат на редовни систематски прегледи како и санитарни прегледи на наставниците. За информирање за најразличните болести се одржуваат едукативни предавања.

Училишната зграда и училишниот двор се безбедно место за одвивање на воспитно-образовен процес. Во случај на повреда има обучено наставници за давање прва помош, а во случај на елементарни непогоди земјотрес и пожар и

наставниците и учениците се обучени за безбедна евакуација.

Со цел да им се помогне на социјално загрозените семејства чиишто деца се ученици во училиштето се организираат собирни акции. Во нив учествуваат сите ученици и нивните родители како и донаторски организации. Акциите се помогнати од Црвен Крст на општина Гази Баба.

Доколку има ученици коишто подолго време отсуствуваат од настава поради хронични заболувања или повреди, ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, како и ученици со емоционални проблеми, училиштето организира дополнителна настава за да им се помогне и да се обезбеди понатамошен напредок. Училиштето исто така обезбедува одлични услови за работа за учениците со пречки во развојот континуирано следејќи ги новите трендови за работа со тие ученици.

За социо-емоционалната добросостојба на учениците најголема заслуга има стручната служба во соработка со наставниците и родителите како и соработка со релевантните институции. Училишниот инклузивен тим работи во насока кон инклузија на учениците со посебни образовни потреби, децата со надмината возраст и учениците со емоционални проблеми. Тие им даваат безрезервна поддршка преку бројни формални и неформални средби, разговори и слични активности.

Професионалната ориентација е нешто на што училиштето посветува големо внимание уште во почетните години на основното образование. Се реализираат посебни часови за запознавање со различни професии и придобивките од нив, а кога ќе дојдат во деветто одделение се организираат средби со средните училишта, се поделуваат флаери и друг пропаганден материјал што ќе им помогне да направат полесен и соодетен избор според нивните интереси и афинитети. Вклучени се родителите во претставување на секој профил на професија.

**Силни страни**

- ✓ Воспитно-образовниот процес се одвива беспрекорно, а постигнатите резултати, активностите и проектите што се спроведуваат го вбројуваат училиштето меѓу најдобрите.
- ✓ Заемно почитување помеѓу сите субјекти во училиштето.
- ✓ Поведението и дисциплината се на соодветно ниво.
- ✓ Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги застапуваат правата и интересите на учениците и учествуваат во донесување на одлуки во областите каде што може да делуваат.
- ✓ Се негува духот на мултикултурализам и меѓуетничка соработка.
- ✓ Активна вклученост во животот на локалната средина преку учество во заеднички проекти и активности.
- ✓ Се преземаат мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави.
- ✓ Хигиената и безбедноста во училиштето е на високо ниво.

| |
|---|
| ✓ Навремено и редовно се спроведуваат сите потребни систематски и стоматолошки прегледи и редовна вакцинација според календарот за имунизација<br>✓ Редовно се спроведуваат хуманитарни акции за учениците од социјален ризик.<br>✓ Се обезбедуваат одлични услови за работа и поддршка на учениците со социјално-емоционални потешкотии континуирано следејќи ги новите трендови за работа<br>✓ Се посветува големо внимание на професионалната ориентација уште во почетните одделенија на образованието и им се помага на учениците при изборот на понатамошното образование. |
| **Слаби страни**<br>✓ Во училиштето постојат знаци за безбедност и здравје при работа односно графички знаци за обележување на влезот/излезот но сепак потребно е да има и светлечки знаци за облежување на истите. |
| Приоритети<br>✓ Набавка и поставување на светлечки знаци за влезот/излезот на училиштето. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на учулиштето. Надлежностите за управување на УО се јасно дефинирани со Деловодник за работа на УО. УО има воспоставено партнерски однос со реководнiот орган- директорот и другите училишни структури. Училишниот Одбор работи според претходно креирана програма за работа која ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски обврски на истиот. Сите членови на УО детално се запознаени со надлежностите и активно учествуваат во креирањето на учлишната политика. УО квартално го следи трошењето на училишниот буџет и има увид во потрошените финансиски средства, детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. УО дава мислење за избор на директор и решава за сите најважни одлуки што треба да се донесат во училиштето.

Раководниот орган на училиштето редовно присуствува на состаноците на УО. Раководниот орган на ООУ„Дане Крапчев“ е директорот на училиштето кој има јасна континуирана, стратешка определба и визија за развојот на училиштето. Директорот на училиштето работи тимски и се грижи за креирање и за обезбедување квалитет во целиот наставен процес. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма, навремено ги детектира потребите за подобрување на наставниот процес, воспоставува партнерства во непосредната и пошироката заедница, училиштето го вклучува во регионални и меѓународни училишни мрежи преку ЕРАЗМУС+ проекти, има изградено личен кредибилитет и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.

Директорот на училиштето има јасен план и распоред за максимално искористување на расположливите просторни капацитети во училиштето. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и организација на вонннаставни активности за учениците. Големината на училниците е соодветна на бројот на ученици во паралелките, и исто така е соодветна за реализација на наставниот процес.

Училниците и кабинетите се одлично опремени со нагледни средства, безжичен и жичен интернет во секој дел од училиштето. Училиштето располага со соодветна функционалана ИКТ опрема за успешна реализација на настава со физичко присуство. Наставниот кадар во училиштето е обучен за користење на целата информатичко- комуникациска технологија која ја поседува училиштето

Училиштето располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала, за учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето има две простори: сензорна соба и соба за одмор за смирување при реакција на вознемиреност поради сензорна пречувствителност на лицата со аутистичен спектар на нарушувања. Училишните ходници, училишниот хол, влезовите и училишниот двор целосно се покриени со видео надзор. Училишниот двор е целосно и комплетно ограден со цел поголема безбедност на учениците додека престојуваат во училиште.

Училиштето навремено планира и обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности. Утврдувањето на потребите за наставни средства и материјали во нашето училиште се прави пред почетокот на учебната според потребите на наставниот кадар година.

Училишната библиотека/медиатека е добро уредена, располага со повеќе од 14 наслови на книги по ученик, со разновидна стручна литература, наставни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, но исто така континуирано ги утврдува потребите за стручна литература, наставни средства и помагала за практична работа и врши набавка на истите. Библиотеката има читална, компјутер, има пристап до интернет, а може да се констатира дека библиотечниот фонд ги задоволува потребите, со отворена можност за зголемување на стручна литература. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата. Библиотеката е отворена за учениците и наставниците според работното време на библиотекарот, од 08:00 до 14:00 часот и ги опфаќа двете смени за непречено користење на истата.

За реализација на сите наставни планови и програми училиштето има соодветен наставен кадар вклучувајќи ги и стручните соработници. Во случај на подолго или покусо отсуство на вработени во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата.

Наставниот кадар е распределен во согласност со стекнатото образование, нормативот којшто се бара за соодветниот наставен предмет, фондот на часови, Наставниот план и програма кои што се предвидени.Паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици. Во училиштето активно функционира и Тим за професионален и кариерен развој на наставниците кој работи според Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата, како и преку работа и учење едни со други со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена. Секој наставник има изработено Личен план за професионален развој со конкретни индикатори. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови.

На почетокот на секоја учебна година училишниот тим за професионален развој на наставниците спроведува анкета со понудени обуки и предавања на теми кои се во согласност со акредитирани програми од страна на МОН, БРО, УСАИД , со цел да се детектира потребата на наставниците за стручно усовршување.Во училиштето постои практика да се врши дисеминација на базичните обуки. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Директорот на училиштето во целост ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, овозможувајќи им непречено да ги следат обуките, семинарите, конференциите. Воедно, го мотивира и поддржува наставниот кадар и стручните соработници кон нивно усовршување со крајна цел подигнување на нивото на воспитно-образовната работа и прифаќање на најсовремените сознанија за овој процес. Директорот врши контрола и следење на реализацијата на личните планови како член од тимот за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата

според Правилникот за доделување на признанија на вработените. Исто така училиштето има донесено и Правилник за утврдување на дисциплинска одговорност на наставниците и вработените заради непочитување на етичките кодекси со цел почитување на правилата, прописите, работните задолженија и обврски.

Училиштето има пропишана процедура за организирање и реализација на приправничкиот стаж. Со цел да се следи и вреднува квалитетот на работата на наставниот кадар, односно реализацијата на наставниот план и програма и целокупната воспитно-образовна работа, директорот и стручните соработници редовно реализираат посета на часови на наставниот кадар. Следењето се одвива по претходно изработен план и распоред за следење. Наставниците добиваат повратна информација за следениот час и насоки за подобрување, доколку има потреба за тоа.

Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Креирањето на политика за спроведување на понатамошните стратегии за планираните активности училиштето покрај директорот ги добива од непосредните контакти и активно учество на вработените, родителите, учениците, стручните органи и тела од секојдневното следење на достигнувањата во сите области со цел доследно имплементирање на целокупната наставна практика.

Училиштето има Кодекс на однесување и Куќен ред на кој треба да се придржуваат сите ученици во воспитно-образовниот процес во училиштето. Во креирањето на политиката на училиштето голема улога имаат и состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет кои редовно се одржуваат со однапред предложен и утврден дневен ред.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките на заемна толеранција, поврзана со поведението и дисциплината, спречување на насилничкото однесување на учениците, семејно насилство и дискриминација од секаков вид, антикорупциска едукација на учениците, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование, рамноправно вклучување на учениците во спортски активности, вклучување на учениците во проекти итн.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците со цел да им даде поддршка и да ги подобри постигањата.

Учениците од УП и УЗ даваат свои иницијативи и реализираат активности предвидени според програмата на Тимот кој раководи со Ученичкиот парламент, поднесуваат иницијативи и писмени барања до општина за потребите на учениците, а се земаат во предвид и барањата на родителите. Училишниот парламент работи на транспарентен и демократски начин.

Училиштето има политика за помош на социјално загрозени семејства и ученици и преку Тимот на Црвениот крст редовно се организираат хуманитарни акции-донации од страна на учениците, родителите и вработените

Нашето училиште ги подготвува учениците за активно учество во општествениот живот развивајќи критичко мислење и соработка со ученици од различни средини, ги интегрира инклузивно, интеркултурно и мултикултурно. Училиштето и наставниот кадар ги поттикнуваат и мотивираат учениците за учество во проекти кои негуваат соживот помеѓу различните националности кои вклучуваат инклузивна и мултиетничка соработка и толеранција.

Во развојната програма на училиштето се поставувени цели кои се конкретни, остварливи и ги идентификуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Мисијата и визијата на училиштето се креирани според потребите кои произлегуваат од целите во развојната програма на училиштето.

| |
|---|
| Во креирањето на целите вклучени се наставници- ментори, наставници, родители, ученици, училишен одбор, претставници од лолкална заедница. Резултатите од реализираните цели се видливи преку работата на наставниот кадар, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење. Исто така и преку заинтересираноста и вклученоста на учениците во разни проекти, учество и успех на државни и меѓународни натпревари.<br>Училиштето тековно ги информира наставниците, учениците, родителите за постигнатите резултати, динамиката за нивното реализирање која што се одвива според предвидениот план.<br>Училиштето има акциски планови за следење и евалуација на развојната програма и постигањата на поставените стратешки цели.<br>Во нашето училиште спроведувањето на постапките за финансиското работење се во согласност на законските норми. Директорот на училиштето ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства со кои се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување и обезбедување на училишната зграда, за да се подобрат условите за престој во истата.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за транспарентно распределување на финансиските средства. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. |
| **Силни страни**<br>✓ УО има воспоставено партнерски однос со сите чинители во образовниот процес;<br>✓ Сите членови на УО детално се запознаени со надлежностите и активно учествуваат во креирањето на учлишната политика;<br>✓ Раководниот орган на училиштето има јасна континуирана, стратешка определба и визија за развојот на училиштето;<br>✓ Директорот има успешна соработка со сите субјекти, органи, тела и институции кои се надлежни и кои можат да придонесат за подобрување на воспитно-образовниот процес;<br>✓ Директорот соработува со наставниците, родителите и учениците;<br>✓ Наставниците се навремено информирани за планирањата и одлуките на директорот;<br>✓ Училиштето има развиено систем за наградување и пофалување на учениците и вработените;<br>✓ Училиштето ги поттикнува и мотивира учениците, најчесто со јавни пофалба;<br>✓ Училиштето и наставниот кадар ги поттикнуваат и ги мотивираат учениците; за учество во проекти кои негуваат соживот помеѓу различните; националности кои вклучуваат инклузивна и мултиетничка соработка и толеранција;<br>✓ Училиштето им помага на учениците кои имаат семејни, здравствени, социо-економски и слични проблеми:<br>✓ Во училиштето редовно се спроведуваат хуманитарни акции и еколошки;<br>✓ Училиштето се грижи за здравјето на учениците преку редовна вакцинација, систематски прегледи и преку разни предавања |

| |
|---|
| од страна на стручни лица од оваа област;<br>✓ Училиштето има јасен план и распоред и оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности;<br>✓ Училишната библиотека/медиатека е добро уредена, располага со разновидна стручна литература, наставни средства и помагала согласно нормативите;<br>✓ Библиотеката е опремена со читална, компјутер и интернет.<br>✓ Училишната библиотека им е секогаш достапна на учениците и вработените;<br>✓ Библиотекарскиот фонд редовно се збогатува со нови лектирни изданија и др. стручна литература.<br>✓ Во училиштето активно функционира Тим за професионален и кариерен развој на наставниците;<br>✓ Директорот ги мотивира и го поддржува наставниот кадар и стручните соработници кон нивно усовршување;<br>✓ Директорот ги потикнува, мотивира и поддржува наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус + проекти;<br>✓ Директорот навремено обезбедува потрошен материјал;<br>✓ Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот;<br>✓ Во училиштето редовно се спроведуваат дисеминации;<br>✓ Учениците од УП и УЗ даваат свои иницијативи и реализираат активности предвидени според програмата на Тимот кој раководи со Ученичкиот - парламент;<br>✓ Училиштето има политика за помош на социјално загрозени семејства;<br>✓ Мисијата и визијата на училиштето се креирани според потребите кои произлегуваат од целите во развојната програма на училиштето;<br>✓ Финансиските средства се користат транспарентно и наменски; |
| **Слаби страни**<br>✓ Членовите на училишниот одбор не поседуваат сертификат од реализиара обука за работа во истиот.<br>✓ Училишната библиотека не поседува електронски систем на евиденција на литературата.<br>✓ Надворешното игралиште во задниот двор на училиштето е дотрајано. |
| **Приоритети**<br>✓ Организирање обука за сите членови на училишниот одбор.<br>✓ Обезбедување на електронски систем за евиденција на литература во училишната библиотека.<br>✓ Реновирање и реконструкција на надворешното игралиште во задниот двор на училиштето. |

## 5. Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Приоритетите произлегуваат од слабите страни и потребите на училиштето и се идентификуваат во рамките на секое подрачје од работата на училиштето. При нивното одредување секогаш се тргнува од потребите на училиштето, но се имаат предвид и потребите на локалната средина, како и националните приоритети.

Во согласност со приоритетите кои се составен дел на самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2022 до 2024 година се издвојуваат и предлог мерки ккои треба да се преземат со цел да се подобри квалитеот на работата на училиштето во тековниот период.

Во однос на првото подрачје како мерка која треба да се преземе во иднина е да се изработ план на активности со коои ќе се зголеми соработката помеѓу предметните и одделенските наставници. Имено во училиштето се остварува успешна соработка помеу наставниот кадар меѓутоа соработката помеѓу наставниот кадар од оддеенска настава и наставниот кадар од предметна настава може да се подигне на поголемо ниво а со тоа се оствраи подобрување на квалитетот на работатат на училиштето.

Училиштето има развиено систем и интерни акти за идентификување на надарени ученици но сепак треба да се усовршат инструментите за идентификација во согласност со дадени критериуми од страна на соодветни стручни лица и соодветна институција (БРО, МОН). Како предлог мерка се истакнува остварување на соработка со соодветни стручни лица и сооодветни институции остварување на консултативни средби и разговори со цел да се изнајде еден верифициран инструмент заправилна иденттификациј на надарените и талентираните ученици.

Безбедноста на училиштето е на соодветно високо ниво со правилна графичка означеност на влезовите/излезите но сепак како предлог мерка се дава поставување на светлечки значи за означување на истите со што квалитетот на безбедноста во училиштето ќе се подигне на максимално ниво.

Следна предлог мерка е обезбедување на обуки на сите (нови) членови на Училишниот одбор со цел целосно познавање на начинот на работа на училишниот одбор на училиштето како највисок орган за управување во истото.

Училишната библиотека поседува соодветна евиденција на целокупната училишна литература но во согласност со модернизацијата и иновативната технологија и поедноставување на работата како предлог мерка се дава да се обезбеди електронско водење и евидентирање на училишната библиотека со инсталирање на соодветна програма за истото и обезбедубавње на обука за работа на стручниот соработник библиотекар.

Училиштето поседува функционално надворешно игралиште во задниот дел од дворот, но поради негова дотрајаност се дава предлог мерка за реновирање и реконструкција на истото со цел подобрување на условите за реализаија на наставата по физичко и здравствено образование.

**Комисија за спроведување на СЕУ**

**1. Биљана Стојановска – претседател на комисија**

**2. Тања Метикош- член на комисија**

**3. Катерина Банџо- член на комисија**

**4. Биљана Јовчева-член на комисија**

**5. Наташа Николоска – член на комисија**